РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-12 97/4

10-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена инцијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 54-та седница одржана на ден 02.11.2021 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-1297/1 од 24.03.2021 година оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што наводите не се потврдени.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1297/1 од 24.03.2021 е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, по допрен глас во врска со незаконито користење на простории на Општина --------- на ден 21.03.2021 година, поради дозвола истите да се користат од страна на општинската организација на СДСМ во Општина ------- за одржување на партиски избор за претседател на СДСМ.

Заради утврдување на фактичката состојба, ДКСК достави барање до Градоначалникот на Општина ------- за добивање на потребните податоци и информации, како и до СДСМ, за добивање информации за користени простории во текот на изборот. По извршениот увид во доставените одговори констатирано е дека во просториите на општинската администрација на Општина --------не било остварено гласање на партиски непосредни избори за претседател на СДСМ од 21.03.2021 година, СДСМ немало доставено барање за користење на простории во Општинската администрација за потребата, а Општината немала издадено никаков акт.

Врз основа на погоре констатирано, ДКСК оцени дека наводите не се потврдени поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : К.Н, Член на ДКСК